**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеесет и петтата седница на**
**Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 8 јануари 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод одбележувањето на 10 годишнината од Првата конститутивна седница на повеќепартиското Собрание на Република Македонија.

(Претседателот на Република Македонија станува). (Сите стануваат).

(Се исполнува химната на Република Македонија).

(По исполнувањето на химната настапи аплауз).

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Љубчо Георгиевски, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија, господин Киро Глигоров, поранешните претседатели на Собранието на Република Македонија, поранешните претседатели на Владата на Република Македонија, пратениците од првиот состав на повеќепартиското Собрание на Република Македонија, учесниците на Првото заседание на АСНОМ, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на универзитетите "Свети Кирил и Методиј" во Скопје и "Свети Климент Охридски" во Битола, Поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија бискупот на Скопско-Призренската бискупија, началникот на Генерал штабот на Армијата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатски-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Дами и господа пратеници, уважени гости, се собравме денес за да го одбележиме денот на парламетнаризмот во Македонија, денот на кој пред 10 години се состана и ја одржа својата конститутивна седница нашето прво повеќепартиско Собрание.

Иако, поради тој факт ние имаме право 8 јануари да го означиме како ден на парламентаризмот, тоа не е и негов почеток. Нашиот парламентаризам почнува многу порано, на 2 август 1944 година, кога членовите на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија се состанаа во манастирот "Свети Прохор Пчински" и триумфално ја навестија победата над фашизмот и на почвата на Македонија. Таа победа беше особено значајна, поради правилната процена и храбрата одлука македонскиот народ и граѓаните од националностите што живеат во Македонија, цврсто и масовно со сите свои потенцијали да застанат на страната на антифашистичката алијанса. Таа победа беше уште позначајна и поради фактот што на нашата територија беше остварена само од нашата, македонска војска. Членовите на АСНОМ, иако избрани во необични, воени услови, се потврдија како вистински пратеници, поставувајќи ги темелите на Македонската државност. Ако нашата историја дотогаш беше историја на буки, востанија, народни и народно-ослободителни движења, од Првото заседание на АСНОМ и понатаму нашата историја е веќе историја на македонската држава.

Затоа, почитувани пратеници, Ве молам да ми дозволите во Ваше и во мое име со посебна почит да ги поздравам членовите на Првото заседание на АСНОМ како први македонски пратеници. Нивните имиња, нивните потфати, нивните дела, никогаш нема да бидат заборавени од нашите идни поколенија и ќе останат како светол пример во нашата историја.

Македонската држава што настана во виорот на Втората светска војна, поради глобалните односи меѓу големите сили победнички во војната, како и поради пошироките балкански, внатрешно-југословенски и македонски историски околности остана во рамките на југословенската федерација и се развиваше

како една од членките на федерацијата. Во повоениот период Македонија, во рамките на тогашна Југославија, создаде своја индустрија, го разви земјоделството, сообраќајот, градежништвото, туризмот, создаде свои финансиски институции, организира здравство, образование основно до универзитетско, систем на научни институции во сите области, ја разви и ја афирмира националната култура, создаде свое новинарство, а младите го развија спортот до завидно ниво. Со еден збор веќе во тој прв период на постоење и развој на македонската држава се постигнати резултати, кои беа здрава основа за нов историски скок, кој се оствари подоцна.

Меѓутоа, не смее да се заборави дека македонската повоена држава, како и цела тогашна Југославија, беше вклопена во еден идеолошки систем кој го ограничуваше ефектуирањето на можностите и на поединецот и на државата. На надворешен план тој систем ја изолира Македонија од големите сили победнички, дури и од оние, како Велика Британија и САД, со кои за време на војната бевме сојузници и кои имаа и свои мисии при главниот штаб на македонската војска. Исто така, Македонија остана надвор од главните магистрали на повоениот процес на обнова на Европа со посредство на Маршаловиот план, а подоцна и од создавањето на нова европска архитектура, што ја сочинуваа Советот на Европа, европските заедници и зоната на слободна трговија. На внатрешен план тој идеолошки систем, инсистирајќи на социјалистичкиот проект и на неговата интерпретација на праведноста, наскоро ја доведе македонската држава во фронтален судир со приватната сопственост, а на тој начин и во судир со цивилизациски потврдените рамки на човековите права и граѓанските слободи. Ние растевме, се воспитувавме и работевме во еден таков систем, но не смееме да заборавиме дека тој систем на многу луѓе им нанесе големи неправди, чии траги се присутни и денес. Дури во средината на минатата година изградивме механизам за отстранување на дел од неправдите, пред се, донесувајќи го Законот за денационализација. Но, извесен број граѓани во Македонија беа административно казнувани со затвор без судење, а други беа судски гонети и осудувани поради политички дела, кои во ниту една демократска држава не беа третирани во тоа време како кривични дела. Некои од нив страдаа, заради тоа што се залагале за поинаква иднина на Македонија, други, поради поинакво разбирање на демократските слободи од она што беше применувано во тогаш единствената политичка партија. А, некои беа гонети, поради нивното залагање или искажување на потребите за поголеми човекови права, вклучувајќи ги и малцинските права. Тие луѓе и нивните семејства страдале и го носеле белегот на општествената осуда од што имаат последици и денеска. Оваа наша седница која има свечен карактер и ја држиме денес, 10 години по првата седница на првиот повеќепартиски Парламент, на почетокот на Третиот милениум, и уверен сум, ја држиме во една подруга демократска Македонија и тоа не обврзува, ако ништо друго, барем како држава да изразиме длабоко жалење за злото што во дадени околности на тие наши граѓани им го нанела токму државата и да се обидеме да најдеме начин да им ја намалиме некогаш нанесената болка и да им го залечиме некогаш повреденото достоинство.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, првиот состав на нашето повеќепартиско Собрание го сочинуваа претставници на девет политички партии, кои на изборите настапуваа самостојно или во коалиција и тројца независни пратеници. На тој начин Собранието, втемелувајќи го плуралниот политички амбиент, стана средишно место каде многу често бевме сведоци, а значителен дел од овде присутните и активни учесници во жестоки дебати со крајно спротивставени ставови, за на крајот, сепак, да надвладее свеста за историската одговорност и значењето на одлуките и актите од државотворен карактер за Република Македонија. Во тоа бурно време на голема историска пресвртница Собранието се раководеше од следните приоритети:

Прво, да се избегне секоја можност Македонија да биде вовлечена во војната во другите делови на СФРЈ, војна која веќе беше на повидок.

Второ, да се искористи поволниот историски момент Република Македонија да прогласи независност и со тоа да бидат остварени историските идеали и да бидат задоволени жртвите на многу претходни генерации.

Трето, Република Македонија да биде поставена на нови основи како демократска држава, афирмирајќи ги како свои вредности, развојот на граѓанското општество, владеењето на правото и создавањето услови за развиено пазарно стопанство.

Четврто, да поттикнува и да развива односи на толеранција и меѓусебно разбирање и почит на македонските граѓани од различно етничко потекло.

Петто, да настапува како фактор на стабилност во регионот и да делува како иницијатор и промотор на се подобра меѓусоседска соработка меѓу балканските земји.

Шесто, да ја декларира и да ја подигне на ниво на консензус својата евроатлантска ориентација.

Седмо, да обезбеди полноправно членство во ООН и во сите организации и институции во системот на ООН. Тоа беа основните рамки и насоки до кои се држеше и од кои се раководеше Собранието во својот прв повеќепартиски состав.

Во тој контекст веќе на 25 јануари Собранието после бурна расправа, со акламација ја донесе Декларацијата за сувереност на Македонија. Во неа беа најавени промени на општествениот, економскиот и политичкиот систем на земјата, а исто така беше навестено дека прашањето на сувереноста конечно ќе биде дефинирано со новиот Устав. Откако почна војната во Словенија и оружените конфликти во Хрватска, и откако се изјасни дека таа војна не е наша војна, Собранието донесе заклучоци со кои ја обврза Владата да преземе мерки, граѓаните на Република Македонија да служат војска само на територијата на Република Македонија и никој да не може да ги праќа на туѓите бојни полиња да гинат за туѓи интереси.

На 6 август 1991 година Собранието ја донесе Одлуката за референдум за независност. Референдумот, како што е познато, се спроведе на 8 септември 1991 година, кога граѓаните на Република Македонија во огромно мнозинство ја изразија својата плебисцитарна волја за независна и суверена држава Република Македонија. На основа на резултатите од референдумот, Собранието на 17 ноември го донесе најзначајниот државно-правен акт - Уставот на Република Македонија. Со него Република Македонија се профилира како независна држава во која суверенитетот им припаѓа на граѓаните, а таа е дефинирана како демократска и социјална држава врз начелата на парламентарната демократија, поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, владеењето на правото и пазарната економија. Уставот јасно ја утврди и определбата за граѓанска рамноправност и трајно сожителство на припадниците на македонскиот народ и припадниците на другите националности што живеат во Република Македонија. Со него се гарантираат правата на припадниците на националностите слободно да ги изразуваат својот идентитет, традициите и своите национални особености.

На 19 декември 1991 година Собранието донесе декларација со која Република Македонија побара меѓународно признавање врз основа на Декларацијата за дисолуција на СФРЈ.

Веќе во почетокот на следната 1992 година Собранието го донесе Законот за нашата војска, а наскоро потоа го донесе и Законот за нашите пари. Во јули истата година Собранието донесе декларација со која енергично ги одби барањата содржани во таканаречената Лисабонска декларација за промена на нашето уставно име, т.е. од името на нашата држава да се изостави зборот Македонија и сите можни придавки од тој збор.

Во почетокот на 1993 година на познатата своја Педесет и петта седница Собранието донесе заклучоци со кои го деблокира патот за прием на Република Македонија во ООН, а нешто подоцна донесе акт со кој побара полноправно членство во НАТО, со што јасно ја декларира евроатланската ориентација на земјата.

Првиот состав на нашето повеќепартиско Собрание работеше чесно, интензивно, ефикасно, енергично и достоинствено. Имаше многу спротивставени погледи, многу жешки расправи, имаше напуштање и бојкот на седници. Имаше две неуспешни интерпелации за работата на претседателот на Собранието, кого го обвинуваа за манипулации во водењето на седниците. Имаше и едно, досега единствено, изгласување на недоверба на Владата. А, имаше и неуспешен обид за распуштање на Собранието и распишување на предвремени избори. Тој состав на Собранието со мандат од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1994 година испроба скоро се што му беше допуштено со Уставот и Деловникот, за да го сработи сето тоа што требаше да го сработи во својот мандат и тоа се во право време. Сите ние што бевме пратеници во тој состав на Собранието, со задоволство но и со гордост се сеќаваме на добро извршената работа. Тоа беше неповторлив историски период со многу предизвици, можни стапици и опасности, период кој бараше да се има јасен поглед, цврста ориентација со доволна лична храброст, а пратениците што го сочинуваа тој состав на Собранието докажаа дека ги

имаат тие доблести и дека беа дораснати на задачите со кои се соочуваа.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, денес, 10 години подоцна, треба да извлекуваме поуки од работата на првиот состав на Собранието на Република Македонија. Во изминатиот период од 10 години постигнати се многу значајни резултати, особено во изградбата на демократските институции во државата и во нејзиното етаблирање во светскиот систем на држави. Но, некои сериозни проблеми останаа нерешени, а некои нови се појавија. Во политичката сфера, како пример, ќе ги спомнам само проблемите во изборниот систем и во извидувањето на изборите, а има и други. Исто така, имаме проблеми и во областа на економијата и на социјалното поле. Невработеноста трајно се задржува на загрижувачки високо ниво, малите недоволни и несигурни семејни приходи создаваат мачна атмосфера како редовна состојба во голем број семејства во земјата. Рестрикциите во движењето на нашите граѓани што произлегуваат од мерките превземени особено од страна на Европската Унија и нејзините членки, создаваат чувство на малодушност и без излез, особено кај младите, а ги поскапуваат и обесхрабруваат иницијативите на луѓето што се занимаваат претежно со мали бизниси.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Со еден збор многу од очекувањата за подобар живот што ги врзуваа граѓаните за стекнувањето на своја независна држава сеуште не се остварени. Затоа, ние сме должни поцврсто, подоследно, поенергично да се заложиме за успешно спроведување на реформите. Ако сакаме да одговориме на надежите и очекувањата на граѓаните, тогаш треба забрзано да ги остваруваме промените во нашата општествена, економска и државна структура. Тоа во оваа фаза е главната насока на реформскиот процес. Бележејќи успеси на тоа поле и на нашите граѓани ќе им обезбедиме услови на живот приближни на оние што ги имаат граѓаните на развиените европски земји. Во тој контекст радува фактот што нашата земја наскоро ќе ја потпише со Европската Унија Спогодбата за стабилност и асоцијација. Тоа е крупен настан од големо историско значење. Со тоа се создаваат квалитетно нови можности за совладување и пробивање на зачараниот круг на нашето заостанување и нашата сиромаштија. Но, тие можности ќе станат реалност само доколку на време и на прав начин ги извршуваме и нашите обврски што произлегуваат од таа спогодба. Многу е значајно и тоа што успеавме да ги средиме нашите односи со светските финансиски институции ММФ и Светската банка. Но, ќе биде исто толку важно со успех да ги спроведуваме и обврските од постигнатите спогодби. Исто така, Република Македонија треба многу поамбициозно и по забрзано да се подготвува за промени кои ќе ја оспособат за членство во Светската трговска организација. За таа цел потребно е да се стеснуваат и укинуваат државните интервенции во тековите во надворешната трговија кои овозможуваат политички монопол врз тие текови, како и да се елиминира шверцот што се заедно е реална потреба за спречување на појава на организиран криминал во земјата. Потребно е да се забрзаат подготовките на нашата земја за членство во Светската трговска организација, бидејќи без тоа нашиот начин на водење на бизнисот трајно ќе биде неприфатлив за светот, а со тоа ќе јакне нашата изолираност и ќе бидат ограничени нашите можности за развој. Потребно е исто така да се засилат нашите напори за приближување кон сите стандарди на НАТО. Тоа е потребно како поради јакнењето на нашата безбедност, така и поради забрзана трансформација и модернизација на целата наша општествена и државна структура. За успешно да се извршат споменатите задачи потребно е да се мобилизираат сите сили на земјата, потребно е навистина да ги почитуваме демократските институции на државата и сите да помогнеме тие да се активираат со целиот свој капацитет. Најновите промени во Владата даваат уверување дека таа се приспособува на новите задачи. Но, ќе биде потребна уште поголема транспарентност во нејзината натамошна работа. Собранието ќе треба уште повеќе да биде вклучено во дефинирањето, остварувањето и контролата на вкупниот реформски процес. Нашето политичко искуство треба да ни помогне да се ослободиме од стариот типично балкански инает во политиката. Не треба да се користи знаењето и искуството во политиката за предизвикување на ирационални политички конфликти и за намерно поттикнување на политичка напнатост, бидејќи на тој начин попусто се трошат силите на земјата и се намалува нејзината способност во остварувањето на реформите. Потребно е обратното, со позитивен приод да ги помагаме настојувањата што побрзо да започне забрзано совладување на главните белези на кризата: невработеноста, малите семејни приходи, ниските плати и ниските пензии,

ограничените слободи на движењето на нашите граѓани надвор од земјата и т.н.

Практикувањето на демократијата е нашиот единствен излез и нашата најголема сила. Нејзините вообичаени механизми во Собранието а не популизмот и меѓусебните блокади се единствениот пат што ќе ни овозможи излегување од зоната на кризата во која сеуште се наоѓа нашата земја. Што поскоро да го разбереме тоа, толку повеќе и толку по заслужено ќе бидеме горди што сме биле во овој сегашен состав на Собранието. Уверен сум во исправноста на таквото стојалиште и затоа Ве повикувам да го следиме примерот на првиот состав од ова наше повеќепартиско Собрание. Тој умееше да согледа што е тоа што е најважно за земјата и за сите нејзини граѓани и во вистинските моменти по таквите прашања заборавaше на сите разлики и знаеше да настапува единствено и решително.

И денес ние како пратеници се наоѓаме пред многу сериозни задачи, но имаме и доволно сили и доколку правилно ги насочиме и употребиме и овој пат ќе направиме голем пресврт кој е неопходен за иднината на нашата земја и на сите наши граѓани.

Да ни е вечна и вековита Македонија.

Ви благодарам. (Аплауз).

Дами и господа пратеници, дозволете ми на сите пратеници од Православна верска исповест кои го слават денес Божиќ да им се извинам за ова, меѓутоа во македонската историја важните настани се случувале на празниците, па ние сега не работиме, туку славиме и на овој начин.

Ја заклучувам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници и почитувани гости Ве поканувам на коктел во свечената сала во Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,40 часот).